Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката бр. 08-273/1 од 03.05.2022 година, врз основа на член 21 став 1 точка 22 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), а во врска со член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 и 65/2018) го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-273/2
29.06 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

1. Претставката бр. 08-273/1 од 03.05.2022 година, поднесена од лицето [redacted], за покренување на постапка за заштита од дискриминација СЕ ОТФРЛА.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Лицето [redacted] на 03.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) усно на записник поднесе претставка бр. 08-273/1, со која бара поведување на постапка за заштита од дискриминација.

Комисијата на седница одржана на 16.05.2022 година, ја разгледа горенаведената претставка и утврди дека не е надлежна да постапува по истата.

Имено, Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката дадена усно на записник, утврди дека не е надлежна да постапува по претставката согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што во конкретниот случај се работи за повреда на право од работен однос за што е предвидена постапка пред друг надлежен орган, вклучително и судска постапка пред надлежен суд.

Од горенаведените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Скопје,
23.05.2022 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација,
Заменик претседател,
Исмаил Камбери